| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Трговско друштво за проектирање инженеринг градба и консалтинг ПАРАМЕТАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Методи Хаџи-Андов, диа бр. овл. 0.0583 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Мајка Тереза бр. 18/1-1, 1000 Скопје<br>070/221-278 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман се изработува врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20) и член 62 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) како и друга релевантна законска регулатива. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Предметниот плански опфат досега не бил опфатен со важечки урбанистички план, урбанистичко-планска документација или општ акт. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – енергетика. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планоvи и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Вкупната површина на планскиот опфат е 6331 м$^2$ а должината на трасата на електричниот вод е 1056 м. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман се изработува за приклучување на површински соларни централи од три градежни парцели планирани со<br>1. “Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежни парцели со намена Е1.13 - фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на ГП 1 на дел од КП 234, дел од КП 235/1, дел од КП 235/2, дел од КП 239 КО Рибарци, Општина Росоман”;<br>2. “Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежни парцели со намена Е1.13 - фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на ГП 2 на дел од КП 234, дел од КП 235/1, дел од КП 235/2, дел од КП 239 КО Рибарци, Општина Росоман”;<br>3. “Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежни парцели со намена Е1.13 - фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на ГП 3 на дел од КП 234, дел од КП 235/1, | | | |

дел од КП 235/2, КО Рибарци, Општина Росоман” на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод. Овој УП нема конфликт со постојните планирани комуникациски водови.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2023 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман се наоѓа во рамки на КО Паликура и КО Рибарци Општина Росоман. Проектниот опфат е во непосредна близина на селото Рибарци, односно се наоѓа југоисточно од него, лоциран во средишниот дел на Повардарието и во централниот дел на Тиквешката околина, во околината на градот Кавадарци. Во рамки на проектниот опфат нема постојни градби.




Граници на проектниот опфат се:

-на север, на најсеверната точка минува низ КП 1189, потоа скршнува кон југозапад повторно низ истата парцела, па скршнува кон југоисток и минува низ КП 954, КП 1190, КП 1191, потоа скршнува кон југ и минува низ КП 954, КП 249, КП 248, КП 247, потоа скршнува кон запад па кон југозапад и минува низ КП 238, скршнува кон запад повторно во рамки на истата парцела па скршнува кон североисток долж границата меѓу КП 238 и КП 239/1, потоа долж границата на КП 238 и КП 235/15 потоа скршнува кон северозапад долж границата меѓу КП 235/15 и КП 235/18, па во рамки на КП 235/18 скршнува кон североисток па кон југоисток, потоа минува низ КП 238 и скршнува кон североисток, прво минува низ КП 247, па низ КП 248, потоа низ КП 249, па низ КП 954. Во рамки на КП 954 скршнува кон северозапад, па кон североисток и минува низ КП 1189 КО Паликура каде се спојува со почетната точка.




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот**

| | |
|---|---|
| **документ и дали истите се содржани во акт или документ.** | |
| Да √<br>Не | |
| **Дали е приложена копија од целите?** | |
| Да<br>Не √ | |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Несоодветно управување со генерираниот отпад. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација за изградба, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектот се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект дологорочно ќе опстојуваат на оваа локација. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Росоман е лоциран во рабниот дел на Кавадаречкото поле кое претставува дел од Тиквешката котлина, со долинско проширување на реката Луда Мара на надморска височина од 240-300 м. На југ се издига раскршениот ридест простор сепариран со текот на Луда Мара.<br>Општината се состои од 10 населби. Сите се низински освен населбата Мазен Ораовец, која се наоѓа од апсолутната надморска висина од 570 метри.<br>Во нив живеат 4141 жител, од кои 3694 (89%) се Македонци, 409 (10%) се Срби итн. Густината на населеност изнасува 31 жител на еден км, со што се вбројува во ретко населените во државата. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, отворање на нови работни места, зголемување на стапката на економските раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл. Зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Од увидот на локацијата, констатирано е дека во рамки на проектниот опфат како и во негова непосредна близина не постојат споменични целини, културни предели ниту видливи траги од културно наследство. Во текот на постапката доставено е барање за издавање податоци и информации од Министерството за култура, обезбеден е одговор во законски утврдениот рок со број 17-1217/4 од 18.04.2023 согласнокои во рамки на опфатот не постои културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во граници на проектниот опфат не постојат градби.<br>Намената на земјиштето во рамки на проектниот опфат е неизградено земјиште. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Претставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот ќе допринесе за развој во општината Росоман, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но од аспект на животната средина во градежната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила;
Бучава: Зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во планираните инфраструктурни објекти;
Вода: на предметната локација нема да се генерираат отпадни води;
Почва:несоодветно управување со отпад генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;
Природно и културно наследство во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење.
Од аспект на одржливост донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
-Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Овој план е поврзан со:
- Просторен план на РМ;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинт на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната

| | |
|---|---|
| средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | **Министер<br>Благој Бочварски** |
| Бр. 67-2359/11<br>Датум: 31.07.2023 година<br>Место: Скопје | М.П. |